# Општи правила и услови за користење на платежни картички на Master Card International во Еуростандард Банка АД Скопје

Овој Документ содржи општи правила и услови за користење на платежни картички на Master Card International во Еуростандард Банка АД Скопје. Истиот има за цел да ги приближи картичките на Master Card програмата до нашите корисници и да им ги објасни погодностите што ги нудат нашите картички.
Во програмата на Master Card International се вбројуваат следниве картички:

- Maestro Debit Card дебитна платежна картичка за физички лица,
- Master Card Standard кредитна картичка за физички лица,
- Master Card Gold кредитна картичка за физички лица и
- Master Card Business кредитна картичка за правни лица.

## 1. ИЗДАВАЊЕ

Еуростандард Банка АД Скопје издава картички од програмата на Master Card International на барање на клиентите. Барање – Апликација се подига и пополнува во сите експозитури и филијали на ЕСБ.
Банката го задржува правото да го одбие Барањето за издавање на картичка, без дополнително објаснување на клиентот.
За кредитните картички, постои посебна постапка за одобрување согласно внатрешните процедури и Акти на Банката.

## 2. КАРТИЧКА

Картичката која ќе биде издадена од Банката, Корисникот (клиентот, по добивање на картичка станува Корисник) ја подига лично во просториите на Банката, и на тој начин го презема понатамошниот ризик за сотојбата на картичката.
Веднаш по приемот на Картичката, Корисникот се обврзува да ја потпише Картичката на задната страна на истата, во полето предвидено за таа намена.
Банката има апсолутно право на сопственост над Картичката и само Корисникот чие име е отпечатено на Картичката го задржува правото да ја користи истата, согласно со наведените услови. Нејзина употреба на кој било начин од страна на трети лица или нејзино позајмување на трети лица од која било причина е строго забрането.
Корисникот ја користи картичката како инструмент за плаќање и мора да ја чува со внимание, грижа и во добра состојба, со цел да се обезбеди нејзино непречено функционирање.
Секоја Картичка е валидна до последниот ден од месецот отпечатен на нејзината предна страна и секоја употреба на Картичката после истекот на нејзината валидност или после откажувањето на склучениот Договор е забрането.

## 3. ЛИЧЕН ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН БРОЈ - PIN

Истовремено со приемот на Картичката, Банката го издава и врачува на Корисникот Личниот идентификационен број (PIN), кој може да се користи само во комбинација со Картичката за извршување на трансакциите предвидени во Договорот за кристење на соодветната картичка, како и трансакциите за кои Банката ќе го извести Корисникот во иднина.
PIN-от се доделува од страна на Банката, тој е единствен и таен, служи само за лична употреба и истиот се генерира електронски под услови на целосна безбедност и сигурност, за да се оневозможи негова репродукција.
Корисникот треба да биде свесен за фактот дека PIN-от всушност претставува негов електронски потпис и се обврзува да го запамети и да го уништи соодветниот документ добиен од Банката кој го содржи PIN-от. PIN-от не треба да се запишува во која било препознатлива форма на Картичката или на кое било друго место. Запишувањето на PIN-от во која било форма ќе се смета за грубо невнимание од страна на Корисникот.

## 4. ГУБЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА

Корисникот мора грижливо да ја чува својата Картичка, како и податоците во врска со истата на безбедно место.
За секое губење или кражба на Картичката или откривање на PIN-от (доколку се случи), мора да се извести Банката на секој можен начин. Корисникот не се смета за одговорен за каква било употреба на Картичката и/или PIN-от после таквото известување.
Пропустот веднаш да се извести Банката, се смета за грубо невнимание од страна на Корисникот, освен ако таквото неизвестување е последица на виша сила за периодот додека таквиот настан трае. Доколку пропустот да се извести Банката е резултат на грубо невнимание или измама од страна на Корисникот, како и во случаите кога PIN-от е откриен од трети лица, Корисникот се смета за целосно одговорен за која било трансакција извршена од трети лица и има обврска во целост да го плати износот на трансакциите извршени со користење на Картичката, како и сите износи кои произлегуваат од употребата на откриениот PIN, без никакво ограничување.
Корисникот е должен да ја пружи на Банката секоја можна помош заради намалување на штетните последици од кражба или губење, како што е претходно наведено.
Во сите случаи на известување за губење на Картичката или откривање на PIN-от, Банката му одобрува и издава на Корисникот нова Картичка која е продолжување на изгубената, и/или нов PIN, освен ако Корисникот во писмена форма побара да не му се издаде нова Картичка.  При секое издавање на нова картичка и PIN, Банката наплаќа трошок согласно важечката тарифа.

## 5. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА

Корисникот може да ја користи својата Картичка за плаќање на продажни места во земјата или во странство, секаде каде што е истакнат знакот на Master Card International на излогот на продажното место (во понатамошниот текст "Продажно место"), со што има обврска доколку од него се бара, да го докаже својот идентитет на законски начин.
Во случај, Корисникот да одбере да изврши одредена трансакција по електронски пат, преку телефон, e-mail или преку Internet, во земјата или во странство, тогаш исклучиво Корисникот го превзема ризикот и сите обврски кои произлегуваат од горенаведените активности.
Во поглед на прифаќањето на Картичката, Продажните места не се секогаш задолжително поврзани со Банката со договор и во никој случај не се обврзани приемот на Картичката да го извршат ексклузивно, со што Банката не презема никаква обврска спрема Корисникот во поглед на каква било грешка во извршување на трансакцијата или неточно извршување на обврските спрема Продажното место, како и во поглед на некаква договорна или недоговорна загуба на Корисникот и во оваа насока Корисникот нема право да покрене каков било приговор или жалба против Банката во врска со наведеното, освен ако поинаку не е предвидено со закон. Доколку Продажното место, од која било причина издаде евиденција на трошоци за одобрување во корист на Корисникот, Банката ќе прокнижи еднаков износ на трансакциската сметка после поднесувањето на евиденцијата на трошоци во Банка.
Секоја неовластена и незаконска употреба на Картичката се казнува со закон.

## 6. КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКАТА НА БАНКОМАТ (АТМ)

Во комбинација со PIN-от, Картичката исто така може да се користи за извршување на парични трансакции на банкомати (АТМ) на мрежата на Банката и на мрежите на други банки, во согласност со одредбите Договорот и соодветните инструкции прикажани на екранот на банкоматот. Истовремено Корисникот на картичката има право да подига готовина со користење на Картичката на банкомат на Банката или на банкомати на други банки на кои е истакнат знакот на Картичката, следејќи ги инструкциите прикажани на екранот на банкоматите. Во сите случаи, износот на подигање на готовина не може да го надмине лимитот за дневни трансакции наведен во Договорот.
Податоците за секоја трансакција извршена со користење на Картичката на банкомат се евидентираат и чуваат во електронската база на податоци на Банката и соодвествуваат со потврдата издадена од банкоматот која содржи целосна евиденција за трансакциите. После користењето на Картичката, Корисникот се обврзува да ја чува потврдата издадена од банкоматот заради проверка на трансакцијата.
Банката може во кое било време, без претходно известување до Корисникот, да ја суспендира (оневозможи) или да го прекине извршувањето на трансакцијата на банкомат и тоа заради заштита на Корисникот, доколку Корисникот извршил прекршување на условите од Договорот, или поради дефект и неисправност. Во такви случаи, Банката не сноси никаква одговорност кон Корисникот за каква било претрпена загуба или штета на Корисникот, како резултат на тие причини.
Со цел заштита и безбедност на инволвираните страни во трансакциите и самите трансакции, Корисникот е запознаен дека неговите трансакции на банкомат на Банката како и оние извршени на банкомати од други банки се снимени на видео запис.

## 7. ТРАНСАКЦИИ ВО СТРАНСКА ВАЛУТА

Картичката е важечка и во меѓународни рамки, и се употребува за трансакции кои се вршат во странство. Во случај кога трансакцијата е извршена во странска валута, нејзината вредност се конвертира и пресметува во ЕУР согласно законските прописи по курс утвреден на дневно ниво од страна на Master Card International, а задолжувањето на картичката се врши во Денари. Трошоците и провизиите за конверзија помеѓу валутите се на товар на Корисникот на Картичката.

## 8. ИЗВЕСТУВАЊА

За корисниците на MasterCard Standard, Gold и Business кредитните картички, секој месец од користењето на картичката, Банката ќе издава месечен извештај,
(пресметковен Извештај), користејќи ја адресата која последна ја има наведено корисникот написмено како важечка, по пошта или по електронски пат. Месечниот Извештај ги покажува сите активности на Картичката за претходниот месец или попрецизно, сите трошоци направени како резултат на употребата на картичката заедно со нивните датуми и потврди, плаќањата на долговите на Корисникот на Картичката за конкретниот временски период, било какво постоечко кредитно салдо во корист на Корисникот на Картичката, каматата и трошоците, новото салдо на долгот на Корисникот на Картичката, и поцелосни информации за корисникот на картичката-минималната сума што Корисникот на Картичката мора да го плати, датумот до кога ова плаќање мора да се изврши и применетата каматна стапка. Трансакциите кои од било која причина не се внесени во Месечниот извештај, веднаш ќе бидат внесени во следниот Извештај.
Извештаите се изработуваат врз основа на компјутерската и друга сметководствената евиденција на Банката, поради што Корисникот е информиран дека на тој начин е обезбедена целосна евиденција на трошоците кои се направени како резултат на употребата на Картичката, и во оваа насока било каква поинаква евиденција е однапред неприфатлива. Непрекинатата и комплетна серија на Извештаи од овој член, дава точни исписи од сметководствената евиденција, и истите ја рефлектираат активноста на сметката на Картичката за временскиот период за кој се однесуваат. Барањето на Корисникот на Картичката за повторно издавање или доставување на Извештај, ќе резултира со трошоци согласно Правилникот за утврдување на надоместоци на услуги на Банката.
Со надеж дека Ви го олеснивме користењето на вашите платежни картички Ве информираме дека за сите Ваши забелешки и коментари, можете да се обратите на нашиот телефон 02 3249 499, на факс 02 3224 095 во текот на работното време на Банката, на e-mail cards@eurostandard.com.mk или телефон 02/3293 888, 24 часа дневно, 7 дена неделно.

Ваша,
ЕУРОСТАНДАРД Банка АД Скопје